

**Две децении дипломатски односи Р. Хрватска и Р. Македонија**

**Иво Јанкоски: „Волшебна Македонија" е моето животно дело**



# Македонски глас

Година XIX 2012.
ЈАНУАРИ – ФЕВРУАРИ
SIJEČANJ – VELJAČA
ЦЕНА 5 кн
ISSN 1333-7769
БРОЈ 75



## Приказна со хепи енд



# Македонија има безрезервна поддршка за евроинтеграциите

# ACEROLA ALKALOID®

DODATAK PREHRANI

tablete za žvakanje




*prirodan vitamin C*

- Prirodan izvor zdravlja
- Jača imunitet
- Snažan antioksidant
- Ugodnog okusa jagode i naranče
- Ne sadrži šećer

ALKALOID SKOPJE
*Health above all*
www.alkaloid.com.mk

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu.

OGL-149-01-01-2012-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

**Агол на уредникот**
**Urednikov kutak**



**В.Д. Главна и одговорна уредничка:**
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

**Заменик на главната и одговорна уредничка:**
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Тренеска Цветичанин
Благоја Мирчевски

**Редакција:**
Елизабета Петровска - Загреб
Јулијана Младеновска Тешија - Осиек
Ива Чрњар - Риека
Мирјана Мајиќ - Задар
Билјана Митревски - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ 2340009-1100038804

Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

За издавачот: Ангел Митревски
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# ПРИРОДНО ПРИБЛИЖУВАЊЕ

Пред извесно време прочитав дека Србите учат турски, а Хрватите со големо задоволство гледаат српски серии. По две децении омраза, пријателите повторно се среќаваат. На Балканот се случуваат процеси на приближување и интеграција и тоа природни и цивилизациски, без притисоци и местења, за разлика од оние кога пред две децении се разгоруваа делбите и војните. А ние во Хрватска ги уживаме правата на малцинствата. И учиме македонски. И Хрвати учат македонски. На часовите по македонски јазик за возрасни во Сплит доаѓаат и Словенци. И конечно, најсреќна би била кога на летното училиште на Шолта, покрај Македончињата кои доаѓаат од Србија, Бугарија и Албанија, би дошле и Македончиња од Грција да учат македонски, што барем досега беше незамисливо.

Како македонско малцинство навситина треба да бидеме среќни што живееме пријателска земја, која која ни нуди огромни можности да ги уживаме правата како малцинство. Покрај културните манифестации изразени преку концерти, изложби, гостувања на ансамбли и други музички групи, со што го негуваме нашиот културен идентитет, особено важно е што Хрватска како држава ни овозможува да го изучуваме нашиот јазик. Оној јазик кој со векови наназад ни бил негиран, како што и денес тоа е случај со некои земји.

И сето тоа да го регистрираме во нашето списание Македонски глас, кое од овој број ќе биде редизајнирано. Покрај забележување на настаните и активностите на македонската дијаспора преку Заедницата на Македонците во Хрватска и нејзините културни друштва, ќе имаме и поглед од Македонија каде угледни личности ќе ги изнесат своите видувања на актуелни теми. Ќе пренесеме и актуелни прашања од нашата матична држава Македонија, но секако најголемиот дел ќе биде фокусиран на Хрватска.

Милена Георгриевска

**ВО ПОСЕТА КАЈ ХРВАТСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ ИВО ЈОСИПОВИЌ**

# Македонија има безрезервна хрватска поддршка за евроинтеграциите



*„На секој состанок на кој ќе се зборува за влез на РМ во НАТО или ЕУ, Хрватска ќе се залага или заговара за Македонија. Тоа ќе се случи и на самитот на НАТО во Чикаго“, вели хрватскиот претседател Иво Јосиповиќ*

Кога станува збор за Република Македонија и незините евроатлански интеграции, Хрватска секогаш ќе ја поддржува. Овој став, хрватскиот претседател Иво Јосиповиќ го повтори на средбата со делегацијата на „Нова Македонија“, во која беа директорот Ратко Лазаревски, дописникот од Хрватска Сашо Георгиевски и в.д. главната и одговорна уредничка на „Македонски глас“, Милена Георгиевска.

- На секој состанок на кој ќе се зборува за влез на РМ во НАТО или ЕУ, Хрватска ќе се залага или заговара за Македонија. Тоа е политичкиот дел. Но, исто така, можеме да понудиме и техничка поддршка во преговорите (со експерти и документи), да ви кажеме, на пример, кои проблеми ги имавме во правосудството, земјоделството и друго. Така нас ни помагаа Унгарците и Полјаците, а најмногу Словенците, рече претседателот Јосиповиќ на средбата во неговиот кабинет на Пантовчак, одржана на 28 февруари.

Во оваа насока тој посочи дека хрватското искуство за влез во ЕУ е јасно и дека мора „здраво“ да се одработи домашната задача. Јосиповиќ потенцираше дека на претстојниот самит на НАТО во Чикаго, Хрватска безрезервно ќе ја поддржи РМ.

Во рамките на агендата за разговори, директорот на „Нова Македонија“, Лазаревски, со претседателот Јосиповиќ отворија неколку прашања од политички и економски контекст што се однесуваат на билатералните односи на РМ и РХ, но и во контекст на мултилатерала, а врзано и за самитот во Чикаго.

Хрватскиот претседател од страна на дописникот Георгиевски беше детално информиран и за конкретните активности на најстариот дневен македонски весник „Нова Македонија“ што ги реализира во Хрватска, како што се покровителствата на низа настани, иницијативи, заеднички проекти и соработката со македонската дијаспора преку ЗМРХ, за што тој честиташе на заложбите на „Нова Македонија“ во негувањето на духот на пријателството меѓу РМ и РХ.

Милена Георгиевска



## Нови изданија од ЗМРХ во рацете на Јосиповиќ

Неколку книги, што излегоа во издание на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, за време на средбата му беа врачени на хрватскиот претседател, кој покажа голем интерес и благодарност. Тоа се дела на македонски автори кои живеат во Хрватска, но и Хрвати кои се бават со македонистика. На средбата со претседателот Јосиповиќ, Милена Георгиевска го запозна и со функционирањето на училиштата по македонски јазик во Хрватска, а особено беше изненаден со училиштето во Вуковар. Исто така, таа го информира и дека во Сплит работи единственото училиште за возрасни по македонски јазик и култура.

ЕДУКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ЗА ВОЗРАСНИ



# Македонскиот јазик нè збогатува како личности

„Татко ми е Македонец и по таа линија јас сум Македонка. Тој почина, а јас не успеав да го научам македонскиот јазик. Сега во спомен на него учам македонски“, вели Нада Зечевиќ, која веќе втора година доаѓа на часовите по македонски јазик што се одржуваат секоја сабота во просториите на МКД „Македонија“ од Сплит.

За Давор Литовиќ, кој е еден од најредовните во училиштето, а кој инаку нема македонски корени, македонскиот јазик е многу убав, па затоа се одлучил да го изучува. Тој трета година доаѓа на часовите и со голем интерес ја следи секоја нова лекција.



Некои од возрасните ученици доаѓаат да го обноват своето знаење, за да можат да комуницираат со роднини од Македонија, но и да можат во Хрватска дома да зборуваат македонски со членови на семејството. А некои велат ова е одлична можност за стекнување бесплатно знаење, за кое сметаат дека ќе им биде корисно во животот.

Составот на групата која го изучува македонскиот јазик е различен како по националност, така и по возраст. Најголем дел од нив се Хрвати, потоа има Словенци, но и деца од мешани бракови (хрватско-македонски). Има студенти кои ги збогатуваат своите знаења, но има и пензионери кои сакаат корисно да си го исполнат дел од своето слободно време.

Покрај учењето на македонски јазик, дел од наставата е планиран за запознавање со македонската историја, географија и култура, но и врските кои се развиваат помеѓу двете пријателски земји – Хрватска и Македонија. Од оваа година, на голем интерес на посетителите, на секој час е претставен и по еден македонски рецепт, па така и богатите и разновидните вкусови на Македонија си го најдоа своето место во тетратките на сите заинтересирани.

„Училиштето за возрасни во Сплит функционира три години, а оваа година наставата почна со задоцнување, дури во февруари. Тоа се реализира со финансиска поддршка на Советот за национални малцинства на Град Сплит и ова е единствено училиште по македонски јазик наменето за возрасна популација“, вели Венка Цанко, претседателка на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит. Таа е многу задоволна што постои интерес во Сплит за изучување на македонскиот јазик.

Милена Георгиевска

---

**Ротимље, кај Мостар**

# Осма година свежо цвеќе за Трајковски и соработниците

На осмата годишнина од трагичното загинување на македонскиот претседател Борис Трајковски со неговите соработници и пилотите, на местото на несреќата над селото Ротимље, Мостар и годинава венци со цвеќе положија претставници на Владата на РМ и роднини на загинатите. Македонската делегација беше предводена од министерот за одбрана Батмир Бесими, кој нагласил дека Трајковски беше лидер не само на својата држава, туку и на целиот регион и дека неговата смрт е голема загуба за Македонија.

Исто така, на 26 февруари кај Ротимље се појавија и претставници на власта на градот Мостар, на Херцеговачко-неретванската жупанија и делегација на македонското културно здружение „Вардар“ од Мостар, кои секоја година во чест на загинатиот македонски претседател доаѓаат на местото каде е подигнат споменик во чест на жртвите. Оваа година, за жал, поради временските услови во Далмација и во БиХ изостанаа делегациите на МКД од Бања Лука и од Сплит.

Б. М.



## СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА

# Изборното собрание ќе се одржи во Задар



**Загреб**: На 16 февруари 2012 година членовите на Управниот одбор на Заедницата ја одржаа својата 12. седница. Седницата ја водеше претседателот Ангел Митревски и по усвоениот дневен ред, се расправаше за тековните прашања за „Македонски глас“. По расправата, во која беше речено дека проблемите постојано се повторуваат, бидејќи се чини дека нема добра взаемна комуникација и дека е потребно да се воведат некои промени, особено околу објавувањето на текстовите и начинот на уредувањето на списанието, се донесоа неколку одлуки: се разрешува Марина Апостоловска од функцијата главна и одговорна уредничка на „Македонски глас“ и се именува в.д. Милена Георгиевска на таа функција до првата седница на УО на Заедницата по Изборното собрание; се разрешува Борјана Прошев-Оливер на нејзино барање од членството на Редакцискиот одбор од „Македонски глас“ бр. 75 и се именува Благоја Мирчевски на тоа место; текстот од Огнен Бојаџиски за првиот претседател на РМ, Киро Глигоров, нема да се објави во списанието „Македонски глас“.

Во продолжение, се расправаше и за останатите актуелни теми. Информаторите беа подготвени и предадени од страна на друштвата и Заедницата, а Записникот од претходната седница, Годишниот финансиски извештај на Заедницата за 2011 година, Записникот за спроведената инвентура на имотната состојба на Заедницата за 2011 година, како и Планот и програмата на работа за 2012 година, беа едногласно усвоени од членовите на УО. За Изборното собрание на Заедницата се донесе одлука седницата да се одржи на 21 април 2012 година во Задар.

Митревски ги извести членовите дека Веб страницата на Заедницата неодамна повторно профункционира. Исто така, членовите имаа можност да го видат и новоуредениот ентериер на Заедницата, новиот канцелариски мебел и техничка опрема што нуди подобри услови за работа. На крајот, на присутните им се подели по една од новите книги издадени од Заедницата, „Македонски XIX век“ од Горан Калоѓера и „Сјајот на скршениот кристал“ од Елизабета Петровска, како и ДВД од одржувањето на јубилејниот „Ден на Заедницата“ во Осиек.

Е. П.

# Со песна и полна трпеза одбележан 8. Март



**Загреб**: Во просториите на МКД „Охридски бисер“, а во организација на секретарката Виолета Штерјова, на 8 март 2012 година се собраа членките на друштвото достојно да го одбележат овој голем меѓународен празник, Денот на жената – 8 март. На преполната трпеза ништо не недостасуваше – секоја од вредните жени донесе по некој свој домашен специјалитет од македонската традиционална и современа кујна, а своето место си го најдоа и расцутените мимози, симболот на празникот.

Во добро расположение, се водеа разговори за улогата на жената во светот некогаш и денес, се прераскажуваа случки и анегдоти од животот. Виолета Штерјова одржа здравица при што ги истакна активностите и секциите на друштвото во кои голем придонес даваат токму жените, воедно повикувајќи ги и помладите на што поголем ангажман.

Ни песна не зафали – „Момите бисерни“ отпеаја неколку македонски народни песни заедно со останатите членки. Во таква пријатна атмосфера дружењето продолжи до доцните вечерни часови.

Е. П.

# „Моми бисерни“ на 35. Средби на загрепските музички аматери



**Загреб**: Во рамките на 35. Средби на загрепските музички аматери во Центарот за култура Трешњевка на 17 март годинава, на Концертот на фолклорни ансамбли, настапи пејачката група „Моми бисерни” при МКД „Охридски бисер” од Загреб. Тие под водство на Сафиудин Алимоски, се претставија со македонските народни песни „Мајка на Марика думаше”, „Борјано, Борјанке” и „Назад, назад Калино моме”.

На концертот настапија и пејачкиот хор „Пречко 50+”, КУД „Дубрава”, фолклорниот хор на КУД „Жумберчани”, женскиот вокален ансамбл и тамбурачки состав на КУД „Кустошија”, женската вокална група „Ане” на КУД „Св. Ана” од Одрански Обреж, коморниот машки хор од „Друштвото на Кустошијанци” и КУД „Сесвете”. Посетителите уживаа во настапот на сите музички аматери и заслужено ги наградуваа со огромни аплаузи.

Сите настапи на Средбите ги следи Стручна комисија составена од еминентни музички стручњаци и го оценува квалитетот на работата на секој ансамбл преку кусиот избор на програмата со која тие се претставуваат во нивната категорија.

Е. П.

## КОЧАНИ ОРКЕСТАР ПОВТОРНО ВО ЗАГРЕБ





Иако оваа зима беше студена и снежна, загрепчаните добро ги загреа концертот на Кочани оркестар што се одржа на 10 февруари 2012 година во новиот „Грин Голд Клуб“. Овој македонски ромски етно бенд е еден од најпознатите во светот, а во Загреб гостува веќе неколку пати и секогаш е одлично посетен. Се свири традиционална изворна македонска народна и ромска музика, испреплетена со по некое елегично оро, но може да се слушнат и елементи на џез и фанки во виртуозна импровизација на солистите.

Популарните трубачи и пејачи заедно со атрактивните танчарки успеаја во прекрасниот простор на клубот да направат феноменален музички спектакл пред бројната воодушевена публика, меѓу која можеа да се видат и познати лица од хрватската естрада како што се Тони Цетински, Енес Бешлагиќ, Златан Зухриќ и други.

Кочани оркестар досега има снимено пет албума: „A Gypsy Brass Band“, „L’orient est rouge“, „Gypsy Mambo“, „Alone At My Wedding“ и „The Ravished Bride“. Настапувале во Италија, Франција, Канада, САД и многу други земји.

Е. П.

**ИВО ЈАНКОСКИ, ДИРЕКТОР НА ПРОДУЦЕНТСКАТА КУЌА „ТРЕТО УВО“**

# „Волшебна Македонија“ е моето животно дело

*Филмот за убавините на Македонија плени во странство. На фестивали во Италија и Хрватска ги освои најпрестижните награди. Делото е на Иво Јанкоски, кој со тим од врвни професионалци – сниматели, историчари, археолози, етнолози, дизајнери, писатели, преведувачи и други, работеле повеќе од две години*

Иво Јанкоски е генерален директор на продуцентската куќа „Трето уво“ од Скопје. Вели дека монографијата „Волшебна Македонија“ ја чувствува и работи како „проект на својот живот“, бидејќи го развива, надградува и оформува полека и во континуитет со години наназад. И тој расте, созрева и станува се поубав и поатрактивен не само во Македонија, туку и надвор од неа.

**Проектот „Волшебна Македонија“ каде ги промовирате убавините на нашата земја Ви донесе и светски признанија. Би можеле да ни кажете за каков проект станува збор и кои се награди ги освоивте надвор од Македонија?**

Се работи за аудио визуелен проект насловен „Волшебна Македонија” спакуван во луксузен картонски бокс, а содржи печатена книга и филм во ДВД формат. Тоа е една од најафирмативните монографии создадени за Македонија воопшто. Филмот во мај 2011 година беше награден со Специјално признание за афирмација на Македонија, на 47-то издание на најстариот Фестивал на туристички филмови во светот во Лече, Италија. Потоа во октомври ја освои најпрестижната награда ЗЛАТЕН ИНТЕРСТАС од страна на Европската Федерација на туристички филмови со седиште во Рим, Италија.



**Неодамна и во Сплит освоивте високо признание?**

Точно, на 14. Меѓународен фестивал на туристички филмови што се



*Од Саемот во Франкфурт*

одржа во Солин, Хрватска, од 12-14 октомври 2011 г., а под специјално покровителство на хрватскиот претседател д-р Иво Јосиповиќ, филмот се закити и со третата по ред престижна меѓународна награда. Така, за кусо време „Волшебна Македонија" се закити дури со три значајни меѓународни награди.

**Колку време го подготвувавте филмот и што беше она што ја направи „Волшебна Македонија" посебна?**

Проектот го подготвуваше тим од врвни професионалци повеќе од две години. Во него земаа учество сниматели, историчари, археолози, етнолози, дизајнери, писатели, преведувачи и други. Тој е резултат на една силна тимска работа.

**Тоа е проект за кој велите дека го чувствувате за дело на вашиот живот. Колку Иво Јанкоски втисна печат во овој труд?**

Според мојот повеќегодишен целосен ангажман и максимална посветеност на овој проект во континуитет, навистина ова е моето животно дело. Го промовирам насекаде низ светот. Од неговата светска промоција на саемот за книга во Франкфурт во 2010 г. до денес, овој проект насекаде каде што е прикажан се закити со награди или признанија.

**Како гледачите го доживуваат филмот, какви се нивните импресии?**

Оние што биле и ја познаваат Македонија, велат дека се пријатно изненадени, бидејќи следниот пат ќе имаат прилика да го посетат тоа што пропуштиле да го видат. А тие пак што никогаш не биле, филмот им е поттик да дојдат барем еднаш и да ја запознаат оваа прекрасна земја.

Милена Георгиевска

## Наскоро и Скопје на филм

**Со оглед на постигнатиот успех за Вашиот неколкугодишен и макотрпен труд, планирате ли да се претставите со нешто ново пред публиката, можеби нешто необично што повторно ќе плени воодушевување?**

Наскоро следува ново дополнето издание на овој проект, бидејќи во Македонија интензивно се гради, надградува, па градовите го менуваат својот изглед на подобро со галопирачко темпо. На пример центарот на Скопје е скоро непрепознатлив.



### Редовно годишно собрание на МКД „Билјана“

*Претседателката на Надзорниот одбор, Ирена Андријевиќ, го прочита Извештајот за извршената контрола на финансиското работење на друштвото. И за оваа точка никој немаше забелешки и Извештајот едногласно беше усвоен*




## Без забелешки за финансиското работење

Собранието го отвори претседателката на друштвото Мирјана Мајиќ и им посака на сите добредојде. Потоа го прочита дневниот ред и истиот едногласно беше прифатен. За работно претседателство ги предложи Добрила Ракиќ, Надица Жампера и Марица Марчина Жампера, за записничар Надица Жампера, а за потписници Драган Јакимовски и Марија Јакимовска. По прочитаниот Извештај за работата на друштвото во 2011 година кој го поднесе претседателката, таа го прочита и Финансискиот извештај за 2011 година и овие две точки беа едногласно прифатени без дискусија.

Претседателката на Надзорниот одбор, Ирена Андријевиќ, го прочита Извештајот за извршената контрола на финансиското работење на друштвото. И за оваа точка никој немаше забелешки и Извештајот едногласно беше усвоен. На предлог на претседателката се избраа 5 делегати за Собранието на Заедницата на Македонците во РХ, а тоа се Мирјана Мајиќ, Надица Жампера, Михаило Кузевски, Драган Јакимовски и Марица Марчина Жампера. И предлогот за делегатите е едногласно усвоен.

Под точката разно, претседателката Мајиќ изнесе некои свои забелешки, како на пример, пофалба на поедини членови кои навистина несебично придонесуваат за работата на друштвото. Па така, ги пофали Драган Јакимовски, Иван Андријевиќ, Надица Жампера, Марица Марчина Жампера и впрочем сите членови, а особено оние кои на манифестациите придонесуваат со својата несебична работа.

Седницата заврши според дневниот ред, никој не даде никаква забелешка за работата на друштвото. Сите беа задоволни. По завршувањето на седницата на Собранието која навистина помина во ред и брзо, членовите се дружеа со пригодна закуска.

Мирјана Мајиќ

---

**МКД „БИЛЈАНА“**

# Празник и роденден на Василица

Се собравме на 13 јануари да ја дочекаме „Стара Нова Година“ или како ја нарекуваме ние Македонците „Василица“. Претходно се договоривме што да подготвиме за овој ден, меѓутоа се јави нашата членка Јелена Петровиќ, која на тој ден е родена. Јелена изрази желба родендeнот да го прослави во друштвото, како и минатите години. Се согласивме со нејзиниот предлог. Рече дека сето јадење таа ќе го донесе да нѐ почести. Ние се погриживме чашите да не бидат празни. Василица веќе неколку години ја дочекуваме на ваков начин. Беше весело. Се ореше песна, отворивме „Шампањско“. На масата немаше што да фали. Пити солени, благи, пршут, сирење, пача, торта и многу врсти колачи.

На примерно скромен начин и го честитавме роденденот на Јелена, со желба за долг и среќен живот.

Така споивме еден празник и еден роденден и навистина ни беше прекрасно.

М. М.






### Изборно собрание на МКД „Браќа Миладиновци“

# Ново раководство – стари дилеми

*Крсте Атанасовски е новиот претседател на МКД „Браќа Миладиновци“, а младата Христина Јанкуловска Саркиќ нова потпретседателка*

Први март 2012 година, простории на Организацијата на музички изведувачи (ОГИ), Осиек, 18.00 часот. Настан: Изборно собрание на МКД „Браќа Миладиновци“. Дневен ред: преполн, 16 точки. Работното претседателство предводено од Слободан Цветичанин строго го почитува дневниот ред, па нема простор за големи отстапувања. Клучни точки за дискусии: извештаите за реализираните програми и искористени средства во 2010 и 2011 год., и секако, изборот на новото раководство на Друштвото за следниот четиригодишен период.

Досегашната претседателка на МКД „Браќа Миладоновци“, Јагода Тренеска Цветичанин, пред присутните ја претстави работата на Друштвото во текот на минатите 2 години низ документи и 15-минутна видео проекција. Видливо беше дека Друштвото работело и повеќе од предвиденото: секциите биле активни на сите полиња, со бројни настапи во градот, жупанијата, низ Хрватска, но и во Србија, Македонија и Босна и Херцеговина. Нејзината презентација беше дочекана со аплауз, а прашањата беа главно свртени кон финансиите. Разјаснувања даде досегашната сметководителка на Друштвото, Леа Странски, која ги објасни критериумите и начините по кои извештаите се составуваат.

#### Малкумина се нафаќаат на одговорност

Изборот на новото раководство поттикна на дискусија и размислување: зошто не сакаме да бидеме активни во телата на Друштвото, а сакаме да критикуваме за неговото работење? Зошто имаме сила да коментираме во кругот на своите секции, па и пошироко, а немаме сила креативно да се вложиме за напредок на Друштвото?

Досегашниот Управен одбор излезе со кандидати кои се согласија да бидат предложени. А прашани беа многумина, но малкумина ја прифатија одговорноста. Истото се повтори и на Собранието. Во исто време, критики беа упатени кон оние кои се нафатија да го понесат товарот на одговорноста. Тие се важни, но се чини дека во нашиот критицизам заборавваме дека сѐ се учи, па и раководењето, дека сме тука да си дадеме рака на помош таму каде што треба, и дека требаме и мораме сите заедно да го водиме она што ни значи, нашето Македонско културно друштво. Во спротивно ќе згаснеме, а тоа не го сакаме, нели?

Затоа, честитки на новото раководство! Крсте Атанасовски е новиот претседател на МКД „Браќа Миладиновци“, а младата Христина Јанкуловска Саркиќ нова потпретседателка. Со нив се, како членови и искусните Адријана Белчевска Галовиќ, Слободан Кузевски, Јасминка Пландер, Мирта Гало и Мишо Папо. Ви посакуваме успех!

Јулијана Тешија

# Весело одбележан меѓународниот ден на мајчиниот јазик

На 21 февруари 2012 година, нашите „Бисерчиња“ блеснаа во салата на Градската и универзитетска библиотека (ГИСКО) во Осиек.

Иако последни на програмата, со рецитација на две песни од стихозбирката на Надежда Жагар посветени на Македонија од четиринаесетгодишната Анамариа, проследено со веселата изведба на песната „Мојот свет се вика музика“, измамија топли аплаузи од присутните.

Меѓународниот ден на мајчиниот јазик во Осиек се одбележува по втор пат. Главен организатор на „Фестивалот на јазиците“ е Одделот за деца и млади при ГИСКО, а во настанот учествуваат здруженијата на малцинствата од целиот град. Оваа година покрај нас, на манифестацијата се претставија најмладите, но и постарите членови на унгарското, руското, русинското, украинското, српското и другите национални малцинства од градот Осиек.

Дружењето беше весело, а заврши со чај и колачиња, на радост на најмалите!

J. T.



# Чикаго и Македонците



Чикаго е во фокусот на вниманието на Македонија, но и на сите Македонци каде и да се. Во втората половина на мај во Чикаго ќе се сретнат лидерите на земјите членки на НАТО – цел кон која се стреми Македонија. Македонците оправдано се надеваат (иако знаат дека тешко може да се реализира сега) на членство во Алијансата. Реализирани се стандардите, учествуваме во мисиите на овој евроатлански клуб, но го имаме спорот со Грција за името! Апсурдно – спор за име на држава?! Историјата на меѓународните спорови, за територии, граници, малцинства..., не познава спор од ваков вид. Практично досега никому не му било оспорувано како да се нарекува себе си.

Како и да е, спорот е тука и ќе мора да се реши. Но, Македонија и Македонците се побогати од декември 2011 година. Меѓународниот суд на правдата во Хаг на македонската страна по три години од покренување на тужбата против Грција и го даде најпосакуваниот документ во кој потврдува дека официјална Атина е таа што грешела, не го почитувала меѓународното право. Сега има и пишан документ, дека Македонија е во прво! На потег пред и во Чикаго се државите членки на евроатланскиот клуб.Тие треба да одлучат за што се, за консензусот како форма на одлучување во Алијансата или пресудата на Судот на правдата.

Додека не се постигне решение за спорот, ние остануваме надвор од НАТО и ЕУ. Но, мораме да размислуваме за алтернативите, или едноставно кажано со економска логика. Тие не треба да подразбираат исклучување на евроатланските цели, туку квалитетна соработка – со соседите, оние во поширокиот регион како Хрватска, потоа Турција, Русија, Индија, Кина...

Слаѓана Димишкова,
магистер на правни науки

# Иванов: Зошто НАТО не ја почитува хашката пресуда?

НАТО да се изјасни зошто не ја почитува одлуката на Меѓународниот суд на правдата во Хаг, која укажува на грешка на самитот во Букурешт, побара претседателот Ѓорге Иванов. Иако, проширувањето нема да биде на дневен ред, сепак, очекувањата на Македонија, како што вели Иванов, се дека оваа грешка ќе биде исправена.

„Сепак се надеваме и очекуваме она што беше сторено во Букурешт да се исправи, зашто Грција ги доведе во заблуда другите членки, укажувајќи дека не дава согласност за прием, иако согласно Времената спогодба има обврска да го почитува тоа што го договорила со нас и со меѓународната заедница. Токму Америка беше гарантот под референца да влегуваме во меѓународните организации. Зошто се откажаа во Букурешт, треба да одговорат самите“, рече Иванов.

(Макфакс)



# Нова истрага за кингерот на Трајковски

Македонската влада бара отворање на нова истрага од страна на БиХ, земјата која ја водела истрагата на авионската несреќа во која загинаа претседателот Борис Трајковски со соработниците и пилотите. Извештајот за несреќата, со сите нови докази и факти ќе ги достави до Јавното обвинителство во Македонија на натамошна надлежност.

Владата на РМ заклучила Извештајот за истрагата на несреќата да се достави и до Комитетот за правни прашања и човекови права при Европскиот парламент, до Советот на Европа, како и до Андреас Грос, евро-пратеник од Швајцарија, кој е автор на Информацијата за спроведената истрага заради разјаснување на наводно сомнителната смрт на поранешниот претседател на РМ Борис Трајковски. Воздухопловни експерти извештајот го подготвувале три години и откриле спорни моменти кои не биле земени во предвид во претходните истраги. Случајот со кингерот беше затворен како несреќа, за којашто за виновни беа посочени пилотите.

(Макфакс)





# Сјајот на скршениот кристал блесна и во Скопје

*Најновото дело на поетесата Елизабета Петровска беше промовирано во Скопје, а настанот покрај рецензиите за книгата, беше проследен со музичка изведба и рецитал*

Лирските чувства, копнежи, пораки, интимните доживувања и разочарувања, поетесата Елизабета Петровска на први март годинава ги сподели со своите најблиски пријатели, роднини и соработници во Скопје на нејзината промоција на втората стихозбирка „Сјајот на скршениот кристал". На ова пријатно случување во Младинскиот културен центар, посетителите не само што имаа можност да уживаат во стиховите на оваа наша сонародничка со македонско потекло, туку нејзините чувства прикажани низ стиховите можеа да ги надополнат и со прекрасната музичка придружба на виолина на Симона Пејовска.

- Соочен со проблемите за опстанок, човекот се оддалечи од духовниот живот, ги потисна емоциите и не размислува за поезијата. А поезијата не е ништо друго туку обид да се ослободат човековата душа и срце, неговата сензибилност, емотивност и искреност, посочи авторката Петровска.

Според неа, не случајно се вели дека „сè што е убаво во животот е поезија". Таа нè облагородува, ни влева сила и моќ да ја согледаме и убавата страна на животот. Оптимистичкиот дух што се наѕира и кај најпесимистичките стихови е тој што раѓа надеж за подобро утре. Токму тоа, вели Петровска, го симболизира и сјајот на скршениот кристал. Колку повеќе се крши, кристалот испушта сè поголем сјај – волшебен блесок кој ја претскажува нашата посветла иднина, победата на доброто над злото, на радоста над тагата.

„Има ли повозвишено нешто од идејата дека поезијата како молња може да ги спои разделените нешта? Ако е така, поезијата е копнеж, а ниеден копнеж не оди без крик. На таа висока филозофија нè учи поетесата Елизабета Петровска, на еден префинет поетски и човечки начин", забележува во својата рецензија проф. Славчо Ковилоски.

Според рецензентот проф. д-р Венко Андоновски, Елизабета Петровска станува и веќе е препознатлив модерен поет, чија поезија е како мал космос на интимата и како мелем за сите рани. „Зар треба да им се спротивставиме на сите овие искажани мислења за песните исполнети со традиција и љубов, но и за тага и осама, за светот како место за лага и измама, но и за светот како место исполнето со надеж и среќа? Секако дека не. И уште повеќе, треба да го потенцираме поетскиот збор кој како бисери се нанижал еден до друг на македонски и на хрватски јазик."

Покровител на промоцијата беше Агенцијата за иселеништво на РМ.

Милена Георгиевска



МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР ВО ЗАГРЕБ

# Традицијата и понатака живее



На големо задоволство на почитувачите на македонскиот мелос, МКД „Охридски бисер“ од Загреб и оваа година традиционално ја организираше културно-забавната манифестација „Македонска вечер“. Прославата се одржа на 20 јануари 2012 година во ресторанот „Гастро Глобус“ на загрепскиот Велесаем, воедно одбележувајќи ја и „старата“ Нова година по Јулијанскиот календар, а под покровителство на Советот за национални малцинства при Владата на РХ и Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб.

Официјалниот дел од програмата која ја водеше познатата драмска актерка Костадинка Велковска, започна со поздравни говори на ценетите поканети гости меѓу кои беа амбасадорот на РМ во РХ, Н.Е. Данчо Марковски и министерот-советник Рецеп Салиу, советникот на градоначалникот на Град Загреб, Давор Денковски, претседателот на Советот за национални малцинства при Владата на РХ, Александар Толнауер, потпретседателите на Заедницата на Македонците во РХ, Никола Троздановски и Јагода Цветичанин, свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, застапничката во Саборот на РХ и претседателка на ДЦ, Весна Шкаре Ожболт, и се разбира, претседателот на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов, кој како домаќин и службено ја отвори „Македонската вечер“.

Протојереј Кирко Велнски ја благослови вкусно подготвената вечера, чиј „мени“ се состоеше од комбинација на хрватско-македонски специјалитети и секако, препознатливи квалитетни вина од македонското поднебје.

Цела вечер многубројните гости ги забавуваше македонската вокално-инструментална група “Оаза АИС бенд” од Богданци, кои со својата песна и свирка создадоа одлична атмосфера. Репертоарот беше разновиден, а кристалниот глас на пејачката Марина Владимирова ги мамеше гостите на оро што тие со нетрпение го очекуваа. И томболата ги развесели добитниците на интересните награди меѓу кои имаше рачни часовници, уметнички слики и предмети, секакви поклон бонови, облека и слично.

Секоја „Македонска вечер“ е на свој начин убава и посебна. Се надеваме дека и оваа ќе им остане на гостите во пријатно сеќавање, со што македонската традиција ќе продолжи и понатака да живее во срцето на Хрватска.

Е. Петровска





## ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ЗАГРЕБ

# Изложба на слики од Никола Гроздановски



Со будењето на природата се будат и активностите на Македонците во Загреб. Весници на пролетта заедно со кокичињата и качунките, овој пат беа и „Деновите на македонската култура" што ги организираше МКД „Охридски бисер" под покровителство на Советот за национални малцинства при Владата на РХ.

Во рамките на манифестацијата, на 16 март 2012 година во галеријата на Хрватското ликовно друштво беше поставена изложба на реномираниот сликар-аматер, член на друштвото и потпретседател на Заедницата, д-р Никола Гроздановски – Коле. На отворањето, авторот во воведниот говор ги поздрави бројните посетители, меѓу кои беа министерот советник при Амбасадата на РМ во РХ, Реџеп Салиу, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, претседателот на МКД „Охридски бисер", Благој Штерјов и други. Честитки за изложбата писмено упатија претседателот на РХ, Иво Јосиповиќ, претседателот на Хрватскиот сабор, Борис Шпрем, потпретседателката на Заедницата на Македонците во РХ, Јагода Цветичанин, претседателката на МКД „Билјана" од Задар, Мирјана Мајиќ и други.

За триесетината поставени слики говореше авторовиот пријател и колега, примариус д-р Љубомир Радованчевик, кој рече дека низ сликите на Гроздановски доаѓа до израз неговиот уметнички сензибилитет, оживувајќи ги деталите на природата во насликаните пејзажи на Македонија и Хрватска.



Отворањето на изложбата беше збогатено со инструменталниот настап на флејтистката Ѓулијана Алимоски и македонските народни песни испеани од пејачката група „Моми бисерни" под водство на Сафиудин Алимоски, а додека ги разгледуваа сликите, гостите имаа прилика да уживаат и во вкусните македонски делиции и пијалаци.

Оние што беа спречени да дојдат на отворањето, изложбата можеа да ја посетат до 26 март.

Елизабета Петровска





## ДВЕ ДЕЦЕНИИ ОД ДИПЛОМАТСКИТЕ ОДНОСИ РМ-РХ

# Капитални книжевни дела на јазикот на Шекспир во Загреб

Со два централни настани на 30 март беше одбележан јубилејот од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Македонија и Хрватска. Во хрватската Национална универзитетска библиотека беа доделени 130 тома од македонската книжевност на англиски јазик, а во „Ватрослав Лисински“ беше оржан впечатлив концерт со врвниот македонски пијанист од светски ранг, Симон Трпчески.

За Хрватите, но и за Македонците кои ги проследија овие настани беше вистинско доживување да се биде дел од програмата со кој се прослави јубилејот. Вредната донација од 130 тома од македонската книжевност преведена на англиски јазик, јазикот на Шекспир, се најде во трезорот на светското



*Македонски дела во трезорот на светското книжевно богатство*

книжевното богатство на НУБ во Загреб.

„Го промовираме проектот кој е резултат на заложбите на политичката, стручната и научната јавност во афирмацијата на македонската книжевност, македонската култура и особено на македонскиот творечки јазик со сите негови изразни вредности“, посочи министерката Елизабета Канческа-Милевска при донирањето на книгите. Според неа, со овој проект се сочувува нашиот идентитет и на македонскиот народ му се обезбедува достоинствено место во светските цивилизациски досигнувања. Во едицијата се застапени дела од сите жанрови и сите геренации на македонски творци кои сведочат за македонските дострели на литературната и националната мисла.

Програмата во загрепската библиотека ја збогати и настапот на пејачката група „Езерки“ и музичарите од „7/8“, кои со изведбата на македонски песни пленија бурни аплаузи од присутните.

Милена Георгиевска



*Етно составот „Езерки и 7/8“*

## Поддршка на министерката Милевска за македонската дијаспора

Претставници на македонската заедница предводени од претседателот на ЗМРХ, Ангел Митревски остварија средба со министерката за култура Елизабета Канческа Милевска во рамите на нејзината посета на Хрватска.

– Промоцијата на оваа едиција дојде како круна на културната соработка на двата пријателски народа, изјави Ангел Митревски, претседател на ЗМРХ.

Македонската министерка беше запозната со дел од активностите на Заедницата на Македонците во Хрватска, на што таа изрази огромно задоволство, но исто така, понуди и помош во реализирањето на идните проекти за македонската дијаспора. Претставниците на Заедницата добија ветување од министерката дека таа лично ќе се заложи за набавување на



*Средба на министерката со претставници на ЗМРХ*

филмови за манифестацијата „Денови на македонскиот филм“ во Хрватска, нагледни материјали за училиштата на македонски јазик во Хрватска, како и обезбедување на ликовни дела кои би биле претставени во хрватските градови каде има македонски културни друштва.

М. Г.

СИМОН ТРПЧЕСКИ

# Овации за магичниот Трпчески



Вечерта на 30 март се бараше влезница повеќе пред загрепската концертна сала „Ватрослав Лисински“ за да се присуствува на концертот на извонредниот македонски пијанист со светско реноме, Симон Трпчески. Повод за одржувањето на концертот беше одбележувањето на јубилејната 20-годишнина од воспоставувањето дипломатски односи меѓу Македонија и Хрватска, а Трпчески заедно со Загрепската филхармонија под диригентската палка на хрватскиот маестро Иван Репушиќ, ја воодушеви публиката со изведбата на „2. Концерт за пијано и оркестар во г-мол“ од Камиј Сен Санс.

Дополнителни овации предизвика балканското премиерно исполнување на првиот став од музичката композиција „Концерт за пијано и оркестар“ – „Фантазија на две фолкорни теми“ од македонскиот инструменталист и композитор Дамир Имери, претставувајќи го нашиот фолклор низ современа обработка на македонските народни песни „Не си го продавај Кољо чифликот“ и „Засвирил Стојан“. Ова прекрасно дело Имери, кој исто така беше присутен на концертот, му го посвети на Трпчески инспириран од неговата пијанистичка перфекција и постигнатиот светски успех, а премиерно беше изведено во Ставангер во Норвешка на 19 јануари годинава.

Магичниот Трпчески, како и самиот концерт беше насловен, едноставно брилјираше. Со виртуозното музицирање уште еднаш го потврди својот фантастичен уметнички талент, за што беше награден од публиката со громогласно аплаудирање. На бис ги изведе делата „Играорна фантазија“ од Кочо Петровски и „Германски танц“ од Шуберт, предизвикувајќи уште поеуфорична атмосфера кај восхитената публика.

Концертот го следеа и министерката за култура на РМ, Елизабета Канческа-Милевска, која беше во својата прва официјална посета на Хрватска, амбасадорот на РМ во РХ, Данчо Марковски, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Ангел Митревски и многу други. По концертот, во клубот „Матис“ во Хрватската матица на иселеници беше приреден коктел, каде гостите ја продолжија вечерта во пријатно дружење. Во таа пригода, претседателот Митревски и врачи на министерката Канческа-Милевска неколку книги од издаваштвото на Заедницата, како и примероци од списанието „Македонски глас“. Се разговараше и за интензивирање на заедничка соработка во рамките на промовирањето на македонската култура во Хрватска.

Е. Петровска





# ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО – ВЕЛИГДЕН



## Победа на животот и светлината

*„Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее...“ (Јован 11:25)*

Од долгиот Велигденски пост до Воскресението Христово православните христијани поминаа во голема црковна дисциплина: строг пост, долги богослужби со специјални содржини. Во четврток (Вел. четврток) вечерта ја ислушаа содржината на 12-те евангелија што зборуваат за судски процес: исмејувањето, понижувањето, навредувањето, мачењето и распнувањето на Христа, па плачот на Пресвета Богородица што беше произнесен во петок вечерта (Вел. петок), кога симболично се изврши погребувањето Христово. Сето тоа во христијанските души се доживува како крај на една систематска борба против злото. Зошто Воскресението Христово, по Неговата срамна смрт на крстот, ќе ја означи победата над злото. „Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее...“ „Јас ќе го воскреснам во последниот ден“, вели Христос (Јован 11:25; 6:40).

Празникот Воскресение Христово е наречен празник на празниците, торжество на торжествата. Тоа претпоставува победа на животот над смртта, на доброто над злото и на светлината над темнината. Зашто мракот на гробот Христов, создаден со неговата смрт, е разбиен и протеран од светлината на Христовото воскресение. Христовото воскресение е светлина на животот.



### Највисок дострел

„Христос воскресе од мртвите, со смртта ја победи, и на тие во гробовите живот им даде“ се зборови кои ја откриваат суштината на Христовото воскресение. Тој, Христос, ја победи смртта со Својата сопствена смрт и со воскресението. Тоа е највисок дострел на неговата победа, зашто со него на луѓето им подари живот вечен.

Но, се наметнува прашањето: за каква победа над смртта се работи, кога луѓето што се раѓаат тука, на земјава, и натаму умираат како пред воскресението Христово? Точно, луѓето тука, на земјава продолжуваат да умираат, но тоа е само телесна смрт. Телесната смрт потекнува од времето на Адам и Ева, како последица на нивниот грев. Но затоа, пак, луѓето, и покрај тоа што продолжуваат да умираат телесно, тие со воскресението Христово добиваат во себе залог на бесмртност, слично на зрно пченично, кое по умирањето донесува плод. Токму затоа, воскресението Христово сред христијаните е прифатено како спасоносен акт, како најголемо торжество на верата и најголем добродетел на христијанската надеж.

### Враќање на надежта

Христовото воскресение им ја возврати надежта на луѓето во бесмртност на душата. Зашто пред Неговото воскресение, суровоста на смртта во голема мера им ја расколебала верата во бесмртноста. Сепак, значајно е да се истакне дека вечниот живот се остварува со морална човечка активност. Зашто учесници во вечниот живот ќе бидат оние, кои со својата правична вера и со својот морален живот ги заслужиле плодовите на Христовата смрт и на Неговото воскресение.

Нека ни е честит празникот Христово Воскресение. Воскресенската светлина нека ги осветли нашите христијански срца и од нив нека го изгони мракот на гревот. Амин! Христос Воскресе!

Протојереј Кирко Велински

ОД УСКРС ДО ВЕЛИГДЕН

# Првото јајце е Господово, има посебна моќ



Бојадисувањето на јајца е длабоко вкоренето во хрватската традиција. Јајцата се бојадисуваат на Велика сабота, кога се оди и во црква за да се благослови храната. Благословување на храната е стар црковен и народен обичај кај Хрватите кога се носи во кошарите храна како што се леб, сол, шунка, кромид, значи сето она што го чини Велигденскиот појадок. За бојадисување на јајцата се користеле природни бои, а најчесто црвената добиена од варење на кромидови лушпи. Црно бојадисаните јајца се карактеристични за Меѓумурје. Бојата се добивала од плодови од бозел или од саѓа. Мотивите на јајцата се изработувале со стружење со игла, скалпел или со ноже. Се користел и восок, и тоа на начин што на врвот на перото или на тенко дрвено стапче се ставала мала топка од восок, која после би се топела на пламенот на свеќата. Кога би се завршело цртањето со восок со ова стапче, јајцето се ставало во боја и се варело. Кога било готово се премачкувало со сланина за да има подобар сјај. На бојадисаните јајца се наоѓаат најразлични мотиви од растенија, животни, христијански мотиви, како што се разни крстови или национални хрватски мотиви, како што се хрватски плетер, хрватски грб и сл. За бојадисаните јајца се поврзани и голем број на обичаи како што се: кршење на јајца со јајца, поклонување на бојадисани јајца на роднини и пријатели како и фрлање пари на бојадисаните јајца.

Во Македонија кај народот постои верување дека јајцата кои домаќинката ќе ги бојадиса на Велики Четврток, пред изгрејсонце, не се расипуваат до следниот Велигден. За јајцето кое прво ќе биде бојадисано се верува дека е Господово и дека има посебна моќ. Тоа јајце домаќинката го ставаше кај иконата со Исус спроти сонце за да јајцето ги фати првите утрински зраци и со тоа јајце покасно ги допира образите на дечињата изговарајќи „црвено, бело, дебело, здраво како железо“. Покрај првото, Господово, пред изгрејсонцето се бојадисуваат онолку црвени јајца колку што семејството брои членови. Едно од тие јајца во сабота мајката го става во водата во која ги капе децата за чисти да го дочекаат Велигден. Утрото целото семејство оди на литургија во црква, после што започнува празнувањето во домот и во кругот на семејството.

Дел од старите македонски обичаи се пренесени од Македонците во Хрватска. Тие во своите домови ја негуваат традицијата врзана за празниците. Во мешаните бракови најчесто се чествуваат и хрватските и македонските празници.

Билјана Митревски



### Посета на Основното училиште „Никола Тесла“ во Загреб

# ПОКЛОН ПАКЕТЧИЊА ЗА ВРЕДНИТЕ УЧЕНИЦИ



Се вели дека децата се нашето најголемо богатство, нашата иднина. Затоа треба секогаш да им го олеснуваме детството, да им го разубавуваме и развеселуваме, поттикнувајќи ги нивните интереси, таленти и мечти, а воедно учејќи ги да ги почитуваат и вреднуваат корените од каде потекнуваат.

Предводени од таа замисла, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, членот на Претседателството на Советот, Лазар Тошанов, и извршната секретарка, Марика Абрамовиќ, на 21 јануари 2012 година беа во посета на учениците од ОУ „Никола Тесла“ во Загреб, кои го изучуваат македонскиот јазик и култура како изборен предмет. Поводот за посетата на учениците беше запознавањето со работата и начинот на кој се негува јазикот и културата на Македонците, како и искажување благодарност за нивното учество со кое ја збогатија програмата за прославата на „Денот на Советот“, што се одржа на 16 декември 2011 година во Меѓународниот центар за услуги во културата во Травно.

Вредните ученици го повторија материјалот што тој ден го научиле за Цар Самуил и возбудено раскажуваа за наставата, а една од најголемите желби што ги искажаа беше желбата да ја посетат Македонија. На крајот од дружењето, како награда на учениците им беа подарени поклон пакетчиња, а веселите насмевки открија колку беа изненадени и благодарни.

Е. Петровска



### Летна школа по македонски јазик во Македонија

Агенцијата за иселеништво на РМ годинава по петти пат ќе организира Летна школа по македонски јазик наменета за деца потомци на иселениците од Македонија, со цел изучување на македонскиот јазик. Школата ќе се одржи во периодот од 05-11 август 2012 година, а сместувањето на учениците и одржувањето на наставата ќе биде во хотел во Охрид.

По тој повод, Советот на МНМ за Град Загреб, одржа состанок со родителите и учениците од дополнителната настава по македонски јазик во ОУ „Никола Тесла“ од Загреб и ги информира за организацијата на Летната школа. Воедно, на заинтересираните ученици им понуди можност за присуство на Школата, со подмирување на трошоците кои не се партиципирани од Агенцијата.



ПРИКАЗНА СО ХЕПИ ЕНД

# Од депортација го спасија жителите на Дуги рат

Вообичаеното живеење во Хрватска на еден наш нашинец по име Исо Броња го превртела наопаку една рутинска контрола на сообраќајната полиција која открила дека овој странец во Хрватска нема регулирано престој цели 16 години, по што требало да биде испорачан во Македонија

Исо Броња цели 16 години живее илегално во Хрватска. Патот во Дуги рат го донела немаштијата во родното село Борино, во близина на Крушево, Македонија, каде го оставил своето семејство. Работејќи разни работи по градилишта и на нивите, Исо со својата добра душа и чесност стекнал голема доверба кај сожителите од Дуги рат, кој го спасија од депортација.

Имено, неговото вообичаено живеење во Хрватска го превртела наопаку една рутинска контрола на сообраќајната полиција која открила дека овој странец во Хрватска нема регулирано престој и соодветни документи, по што требало да биде испорачан во Македонија. Но, откако дознале неговите сожители од Дуги рат експресно реагирале со потпишување на петиција, па за кратко време собрале над 200 потписи за негова поддршка и барање да остане во Хрватска. Реагирале и Владимир Апостолски, жупанискиот претставник на македонското национално малцинство во Сплитско-далматинската жупанија, Ангел Митревски, претседател на ЗМРХ, а со целиот случај бил запознаен и македонскиот амбасадор во Хрватска, Данчо Марковски.

Така, работите се придвижија во друга насока. Исо доби втора шанса во Хрватска и во одредено време треба да ја собере целокупната потребна документација за да може да го легализира својот престој во Хрватска. Вели, пресреќен е и благодарен на сите што му помогнале и кои со добра волја се вклучиле во решавањето на неговиот случај.

Причината зошто толку години не го поттикнал прашањето да добие документи лежела во стравот да не добие прогон веднаш.

– Пресреќен сум што конечно можам да го решам тоа прашање кое ме мачеше со години. Цели 16 години не сум бил во моето родно место каде ги оставив родителите, женката и тогаш двегодишната ќерка, која сега веќе е полнолетна. Прво што ќе направам откако се ќе се реши со документите, ќе одам во Македонија да ги посетам и се враќам во Хрватска, со намера да ги донесам женката и ќерката, вели Исо, кој во Хрватска е деклариран како Македонец.

Милена Георгиевска



*Исо Броња и Владимир Апостолски*

# СЕРИЈА ПРЕДАВАЊА ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ



## Колку ќе живееме зависи од крвната група и прехраната

Дека понекогаш вреди да се направи излет и во подрачје кое не е ни културен аматеризам, ни културна манифестација, а ни изложба, покажа серијата на предавања која се одржа од 2 февруари до 8 март оваа година. Имено, во договор на претседателот на МКД „Македонија“ од Сплит, Ангел Митревски, со познатиот спортски феномен и нутриционист од Сплит, Денис Берош, се одржаа серија предавања за здрав живот и тоа во наведениот временски интервал секој четврток во просториите на МКД „Македонија“ во Сплит.

Денис Берош, медицински и спортски феномен, бивш рекордер во Гинисовата книга на рекорди (8845 склекови без пауза), стручен советник на неколку спортски екипи во Далмација, веќе во уводниот дел на првото предавање откри како дошло до оваа соработка. Сакајќи несебично да го сподели своето огромно знаење и искуство во здравата прехрана, веднаш ја прифати понудата за овие предавања во новите простории на Македонците од Сплит.

Веќе на првото предавање предизвика голем интерес кај присутните кога најави дека ќе се потруди на секој од нив да им погоди која крвна група се, во зависност од прехранбените производи што тие најмногу ги консумираат. „О“ крвна група без кафе, без портокали и мандарини, крвна група „А“ без месни фабрикати и преработени производи и слично.

Она што најмногу ги шокираше присутните е научното појаснување за сите овие претпоставки кои се покажаа како точни. Разјаснувајќи ја големата заблуда на најјаката далматинска традиција (риба на скара и варена блитва – забранета комбинација), успеа да предизвика восхит и од најстарите Далматинки кои случајно се најдоа на ова предавање. Меѓутоа, на крајот сите со восхит и нетрпение го чекаа секој нов четврток за да ги прошират своите познавања за здравата прехрана.

Во последните два термина, г. Берош имаше посебен осврт кон врската помеѓу крвните групи и одредени витамини и минерали и нивната практична примена во секојдневната прехрана. Секое предавање траеше многу подолго од предвидените два часа, бидејќи секојпат требаше уште по двa-три часа за да може г. Берош да одговори на сите прашања кои беа поставувани. Со својата стрпливост, едукација и начин на што поедноставен пат да ги објасни комплицираните процеси во човечкото тело и влијанието на витамините и минералите во здравата прехрана, нашиот предавач успеа да ја наполни големата сала за заеднички активности на МКД „Македонија“ и да ги заинтересира сите присутни што понестрпливо да го чекаат почетокот на април кога почнува нова серија на овие предавања.



*Спортскиот феномен и нутриционист од Сплит, Денис Берош, предизвика големо внимание*

Билјана Митревски

### ИЗЛОЖБА ВО ПРЕСРЕТ НА 8-МИ МАРТ

# Македонско -словенска соработка



*Подарок македонски мотив*

МКД „Македонија„ Сплит веќе неколку години се етаблира како носител и двигател на сите акции, манифестации и активности кои заеднички ги имаат националните малцинства во градот Сплит. Освен веќе традиционалните манифестации „Смотра на културното творештво на националните малцинства на град Сплит“ и „Домот е таму каде што е песната“, оваа година по прв пат се потврди една иницијатива на меѓуетничка и меѓунационална соработка помеѓу македонското и словенското национално малцинство.

Како круна на дваесетгодишната соработка помеѓу словенското културно друштво „Триглав„ од Сплит и македонското културно друштво „Македонија„ од Сплит, на 7. март во просториите на МКД „Македонија“ беше отворена изложбата на слики на уметникот аматер-сликар Иван Космос, припадник на словенското национално малцинство и член на словенското културно друштво „Триглав„ од Сплит. Тој на сплитската публика се претстави со дваесетина слики изработени во разни техники на сликање, но со еден основен мотив: цвеќе и Далмација. „Со овој избор на слики и со терминот на отвоаењето на изложбата, сакавме заеднички да им го честитаме меѓународниот празник на жената „8 –ми Март„ на сите жени кои присуствуваа на оваа изложба“, вели Ангел Митревски, претседател на ЗМРХ.

Настанот го збогатија и настапите на мешовитиот пеачки збор на СКД „Триглав„ од Сплит кој изведе неколку сплитски песни и словенски „попевки„ но и пеачкиот збор на МКД „Македонија„ Сплит со сплет на македонски народни песни.

Билјана Митревски



*Хорот „Македонија“*

# Струмички театар понуди необично доживување во Сплит

Последниот ден на Мисирков“ е претставата „ со која струмичкиот театар „Антон Панов“ гостуваше во Сплит. Во Градскиот театар за млади тие со изведбата на претставата привлекоа бурни аплаузи во полната сала. Така сплитската публика имаше едно необично доживување со македонските актери кои понудија нешто ново и невообичаено за сплитските посетители, кои по завршената претстава се чувствуваа задоволно и исполнето.

Станува збор за театар со 60 годишна традиција, кој на сцената досега има поставено над 350 претстави од познати светски и домашни автори. Гостувањето во Хрватска се реализираше на покана на МКД од Сплит и Осиек, а поводот беше 20 годишнината од осамостојувањето на РМ и РХ, 85 години од смртта на К.П. Мисирков и 150 години од печатењето на Зборникот на браќата Миладиновци. Хрватската турнеја (настапи имаше и во Осиек и во Самобор) е во рамките на меѓудржавната културна соработка на РМ и РХ.

М. Г.



ЕКУМЕНСКА СРЕДБА ВО МКД „ИЛИНДЕН“

# Молитвена осмина за единство на христијаните



Светската молитвена осмина за единство на христијаните започна на 18 јануари годинава со средба на Теолошкиот факултет во Риека. Претставниците на баптистичката, евангелистичката и македонската православна црква, студенти и професори на Теолошкиот факултет, заедно одржа молитва и претставување на својата црковна заедница. Надбискупискиот пратеник за екуменизам д-р Милан Шпехар истакна: „Ние ја започнавме оваа екуменска молитва за единство на христијаните и за остварување на нашата желба сите христијани да бидат под еден покрив.“

Претставникот на Македонската Православна Црковна Општина во Риека, Илија Христодулов, говореше опширно за историјата на Република Македонија и за нејзината православна црква. Особено го истакна духовниот раст на Македонската православна Епархија за Европа, односно МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена” од Риека во изминатите години. Исто така, спомена дека МПЦ во Риека брои 1200 верници. Во Република Хрватска работи само еден свештеник на МПЦ кој има седиште во Загреб, а во Риека се служи литургија во католичката црква „Св. Фабијан и Себастијан“. Молитвената осмина се одржа од 18 до 25 јануари со мотото „Сите ќе се измениме… преку нашиот Господ Исус Христос“ (1 Кор 15, 51-58). Во Риека секој ден една христијанска заедница беше домаќин на заедничка молитва. Во МКД „Илинден“ таа се случи на 20 јануари 2012 година.

Ива Чрњар

# Денот на жената одбележан во Риека

Меѓународниот Ден на жената се слави секоја година на 8-ми март. Годинава беше одржана прослава во просториите на Македонското културно друштво „Илинден“ во Риека. Жените подготвија вкусни македонски јадења со кои се почестија за нивниот ден. Вршителот на должноста претседател на МКД Велимир Лозановски, присутните ги потсети за историјата на Денот на жената. Машкиот дел од Друштвото им подели цвеќиња на присутните членки и на тој начин им го честита празникот.

И. Ч.



**ВЛАДО НАСТЕСКИ – ХРОНИЧАР НА РИЕЧКИОТ „ИЛИНДЕН“**

# Што ќе се запише – останува, што се каже – се заборава



**Господине Владо Настески, на почеток Ве молам кажете ни нешто за своите почетоци во МКД „Илинден“.**

Со гордост се сеќавам на 1990 година, кога заедно со Александар Ефремов ја запаливме првата македонска искра за здружување на Македонците во Република Хрватска, кога со група граѓани од македонско потекло формиравме иницијативен одбор со задача да подготвиме и организираме собир на Македонци за формирање на МКД во Риека. Знаејќи дека во тоа време во Приморието живеат околу 900-тина Македонци, желба ни беше да создадеме некое катче за Македонците. Во меѓувреме го запознав Михаило Давчевски, кој исто така во себе ја носел таа мисла. Набрзо, здружени во Иницијативниот одбор организиравме Основачко собрание кое се одржа во 1991 година. Јас бев избран за прв секретар и таа должност ја извршував 11 години. Иницијатор сум на многу акции и работи во Друштвото, а бев и советник во три мандата во Советот на МНМ за Град Риека.

**Кога почнавте да пишувате за „Македонски глас“?**

Дописник во „Македонски глас“ сум од 1993 година. Имам обичај сè што имам да селектирам. Во почетокот за себе си водев евиденција. Имав тетратка и во неа сè запишував. Бидејќи бев секретар на Друштвото одев на состаноци и настани, и забележував со кратки црти, а за монографијата потоа ги разработив по сеќавање. Од почеток сум во „Македонски глас“ и активно учествував во тековните 18 години со многу прилози од Риека и за риечките Македонци.

**Имате објавено два тома на монографијата: „МКД Илинден 1991-2006 - 1“ и „МКД Илинден 2006-2011 – 2“. Кога почнавте да ја пишувате првата монографија?**

Во 2003 година стана збор нешто да се направи со материјалите кои ги имав. Илија Христодулов и Михаило Давчевски кога видоа, рекоа дека тие се за монографија. Јас ни не знаев што е тоа монографија, односно како се прави. Се заинтересирав, а жената ми е просветен работник и имаше монографија од нејзиното училиште, ја погледав и знаев дека можам нешто да направам. Имав преку 500 слики и околу 400 страници. Така се комплетираше монографијата, која излезе во 2006 г.

**Втората монографија излезе неодамна како спомен на 20-годишнината на МКД „Илинден“. Колку долго ја подготвувавте?**

И понатаму пишував за Македонскиот глас и со компјутерот стекнав искуство како да ги сложувам документите и сликите. Поради тоа, за втората монографија ми требаше многу помалку од првата. На корицата има и хрватски и македонски симболи. Одев на симболика – ние живееме во Хрватска, а Македонци сме. Сакав да се види македонско во Хрватска. Горд сум што собрав толку материјали во 21 година колку постои МКД „Илинден“. Тоа е еден документ, еден споменик, едно сеќавање, според онаа народна мисла дека што ќе се запишува, останува, а што се каже, се заборава.

**Од сите настани за кои пишувате и за кои можеме да читаме во двете монографии, што можете да издвоите како посебност?**

Еден од прилозите од првата монографија е на „Деновите на македонската кујна во Ловран“. Таму беа многу Македонци и тоа беше нешто посебно. Втората монографија почнува со отворањето на просториите на „Илинден“ во Риека во 2006. Веднаш потоа во Риека дојдоа претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски и естрадниот уметник Тоше Проески.

**Кои се вашите планови за иднина? Можеби и трета монографија?**

Тоа ќе им го препуштам на младите. Јас одам во втората пензија. Ќе го читам и натаму „Македонски глас“ и секоја информација ќе ја чувствувам како мој дел од тоа семејство.

Ива Чрњар

**ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА**
**(четврт дел)**

# СЕВЕРНО МАКЕДОНСКО НАРЕЧЈЕ

Говорите што го претставуваат ова наречје ја зафаќаат областа која на север се граничи со српската јазична територија, а јужната граница допира приближно до линијата Тетово – Скопје – Свети Николе – Пробиштип. Во ова наречје влегуваат говорите во северните полошки села, т.е. долнополошки (тетовско-вратнички), говорите во Скопска Црна Гора, говорите во Кумановско, Кратовско, Кривопаланечко и Овчеполско.

**Дијалектно-диференцијални црти.** Дијалектната раздробеност на ова наречје, главно, била условена од соседството со другите две македонски наречја. Од другите македонски наречја северното се изделува според следниве дијалектни особини:

- изедначувањето на еровите во еден глас: *даш, сан; лан, дан; петак, котал;*
- замената на вторичниот ер со а: *лаже, магла; ветар, осам; рекал;*
- предлогот в/во во овие говори гласи у: *иде у школу, у грат;* или во префикс: *улезе, унутра, унук, удовац;*
- за стсл. он овдека речиси во сите позиции на зборот имаме замена со у: *рука, пут; иду, имау/имав;*
- старото вокално л е заменето со у/лу/ла: *јабука, вуна, вук, слуза; сланце, клаче, слаза/слуза;*
- преминот на е во а во зборовите: *трава, ора/ораф;*
- наставката -у во општата форма кај именките на -а: *жену, њиву;*
- наставката -ога во заменско-придавските форми: *њега, тога, доброга;*
- множинската наставка -е кај именките од женски род: жене, шамие;
- наставката -мо за мн. во 1 л. сег. време: *одимо, идемо;*
- наставката -в во 3 л. мн.: *они имав;*
- наставката -ше во 3 л. мн. од аорист: *они имаше;*
- протетично ј пред почетното е: *језик, јеш;*
- наполно губење на гласот х: *сиа, сирома;*
- чување на старото палатално л: *поље, постеља;*
- групата мн се разедначила во мл: *млозина;*
- групата мј се променила во мњ: *ламња;*
- наставката -ики за именките од ср. р. во множина: *пилики, телики;*
- кратката заменска форма за ж. р. и за м. р. гу и га: *њума гу видо, њега га видо;*
- имперфектно-аористната наставка -смо и -сте: *викасмо, викасте;*
- образувањата од типот теше/ќеше (м. ќе): *теше да иде.*

Постојат разлики и во рамките на самите северни говори, со што се укажува на тоа дека и овие говори не покажуваат апсолутно единство. Од една страна стојат говорите во источниот дел од северното наречје (кумановскиот, кратовскиот, кривопаланечкиот и овчеполскиот), кои се карактеризираат, главно, со: слободен акцент, употреба на една членска наставка (-ат), предлогот со овдека е сас и други црти, со кои овие говори стојат поблиску до источните македонски говори. Од друга страна, пак, говорите во западниот дел од ова наречје (скопско-црногорскиот дел и тетовско-вратничкиот или долнополошкиот говор), ги одликува: третосложниот (фиксиран) акцент, губењето на меѓу-вокалното в, употребата на троен член и др., со што овие говори се поблиску до западното македонско наречје.



Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Македонски јазик,* Просветно дело АД, Скопје, 2001)

# ЖИВОТОТ НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ЗАГРЕБ



Пред крајот на 2011 година излезе од печат една многу интересна книга под наслов „Национални малцинства во Загреб”. Нејзината промоција се одржа на 9 март годинава во просториите на Трибината на Град Загреб. Автори на книгата се Драгутин Бабиќ, социолог, Филип Шкиљан, историчар, и Драго Жупариќ-Иљиќ, социолог, од Институтот за миграции и народности во Загреб, кои како научници ги истражуваат сите важни аспекти на животот и делувањето на националните малцинства во Загреб.

Низ кусиот историски преглед тие ја прикажуваат нивната организираност преку образовното, културното, религиското и медиумското делување на националните малцинства. Го анализираат малцинскиот идентитет и перцепцијата на загрозеност, а посебно внимание посветуваат на социјалниот капитал. Обработени се и концизни биографии на познати загрепчани кои се припадници на националните малцинства. Во книгата се опфатени девет малцинства кои имаат свои Совети на подрачјето на Град Загреб – албанското, црногорското, ромското, бошњачкото, чешкото, унгарското, словенското, српското и македонското. Истражувањето е спроведено по пат на фокус групи, во чија работа учествувале и самите припадници на споменатите малцинства.

Промотори на книгата беа проф. д-р Синиша Таталовиќ и д-р Дино Мујаџевиќ, а за книгата говореа уредникот Илија Раниќ и самите автори.

-Ова дело е особено значајно затоа што се бави со положбата на националните малцинства во Загреб, од кого, како главен град, во голема мерка зависи и состојбата во другите делови на земјата, истакна проф. д-р Синиша Таталовиќ.

Е. Петровска




---

Јудита Реј Худечек

# ЖЕНАТА ВО МАКЕДОНСКАТА ПЕСНА



На книжевната вечер што се одржа на 12 март 2012 година во Европскиот дом во Загреб, а во организација на Хрватско-македонското друштво на пријателство, се зборуваше за Жената во македонската песна, како гласи истоимениот наслов на книгата на Јудита Реј Худечек што излезе од печат 2009 година. Повод за ова дружење беше разговор за книгата и македонската жена воопшто, нејзината улога и важност низ животот преку македонските обичаи и традиција. Посебен акцент беше ставен на македонската мома, жена, снаа, сестра, мајка... опеана во старите народни песни.

- Во македонската песна жената има почесно место. Тоа не е ништо необично, и други народи пеат за своите жени, за нивната убавина и доблести, но никаде како во македонската песна жените не се така поединечно застапени по име. Билјана, Катинка, Маре, Донка, Трена, Лихнида, Цвета, Тинка, Дафина, Јовка, Лилјана, Елена, Јованка, Стана, Анѓа, Неда, Дана, Антица, Калина... Можеби тоа бил обид да им се врати долгот на жените кои во минатото живееле безимено во сенката на машките. Ниту тоа не е случај само во Македонија, но таму тој однос бил посебен, раскажуваше авторката Јудита Реј Худечек.

Е. Петровска



**Драган Јакимовски од Задар**

# Македонец роден во Хрватска



Драган и Марија Јакимовски

*На Драган, иако не го зборува добро македонскиот јазик, Македонија му е во срцето. Често пати, колку му дозволува времето и финансиите, оди во Македонија во посета на роднините или како што вели тој „да не ги заборави своите корени“*

Драган Јакимовски е член на МКД „Билјана“ од Задар и еден од основачите на друштвото. Оженет е со Марија, родена во Македонија и татко е на две возрасни деца, кои се декларирани Македонци.

Таткото на Драган, инаку роден во Скопје, со служба бил во Задар и се оженил со Далматинка од истиот град. На Драган, иако не го зборува добро македонскиот јазик, Македонија му е во срцето. Често пати, колку му дозволува времето и финансиите, оди во Македонија во посета на роднините или како што вели тој „да не ги заборави своите корени“.

Својата поврзаност ја искажува и во големата ангажираност во друштвото „Билјана“. Веќе седум години е главен готвач за „Македонската вечер“ и „Меѓународниот ден на културните различности“. Специјалист е за подготвување на гравчетавче и многу други македонски специјалитети. Драган вели дека бил долго вработен во фабриката „Багат“, а по затворањето на истата е во инвалидска пензија.

– Среќа што Марија е сè уште во работен однос, па некако се снаоѓаме, вели Драган. Неговата сопруга Марија е член на друштвото од самото основање, а до пред две години беше и благајничка во „Билјана“. Драган е сестран човек. Тој е и долгогодишен член на едно спортско-риболовно друштво, па на натпревари во риболов има добиено многу медали. Покрај сето тоа, тој е и голем љубител на цвеќето и воопшто зеленилото. Па така, многу Задрани можат да се пофалат дека цветните градини им се уредени од неговата рака. Драган, како што велат, е човек за сè.

Најсреќен е кога е со внуците Пауло и Карло.

Мирјана Мајиќ



Внуците Паоло и Карло



## Томе Момировски (1927-2012)



На 20 март во Скопје, по долго боледување почина македонскиот писател Томе Момировски. Беше роден во Кичево, а заврши Филозофски факултет во Скопје. Автор е на многу романи, новели, раскази, драми и есеи. Беше член на Македонскиот ПЕН центар и негов почесен потпретседател, како и член и секретар на ДПМ. Добитник е на вредни награди: „РТВ на СВП“, „11 Октомври“, „13 Ноември“, „Климент Охридски“, „Мито Хаџивасилев – Јасмин“ и Рациновото признание.

Момировски ги уредуваше списанијата „Иднина“, „Современост“, „Културен живот“ и „Погледи“, весникот „Млад борец“, а работеше и на Радио Скопје. Беше и министер за култура на РМ и претседател на Културно-просветната заедница на Македонија.

На Светскиот ден на поезијата, 21 март, беше одржана манифестација за 50-годишнината на Македонскиот ПЕН центар во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Поетското читање на манифестацијата му беше посветено на Томе Момировски.

Е. П.




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”

## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: 2340009-1100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

# ВКУСОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВЕЛИГДЕН

## Вегетаријанска тава или посна тава

**Потребно е:**

0,5 кг. пиперки,
две лукчиња,
2 до 3 компири на коцки,
200 гр. барен ориз,
0,5 кг. маринирани печурки или тазе исечкани,
0,3 кг. излупени домати,
магдонос, целер, вегета и бибер.

**Подготовка:**

Пиперките малку треба да се потпечат и се полнат со претходниот зарзават освен доматот кој се сече на поголеми парчиња. Се редат во тава и се додава доматот помеѓу пиперките. Се прелева со врело масло и се пече во рерна на 180 степени околу 30 минути.



## Тава со јагнешко месо



**Потребно е (за 4 лица):**

1 јагнешка плешка (1 до 2 кг.),
1 кг. овчо кисело млеко или павлака,
8 јајца,
1 лажица брашно,
масло, сол, малку црвен пипер – мелен и
1 китка магдонос.

**Подготовка**:

Месото добро измијте го и посолете го. Згрејте ја маснотијата и прелијте го месото. Ставете во загреана рерна да се пече сѐ додека не биде доволно испечено. Изматете ги јајцата со брашното, потоа додајте го киселото млеко и црвената мелена пиперка. Сето тоа добро измешано прелијте го преку месото и одозгора ставете магдонос. Се пече додека јајцата е добијат златно-црвена боја.

## Милиброд

**Потребно е:**

1 кг. меко брашно,
свеж квасец,
мала шолја масло,
200 гр. шеќер,
300 мл. топло млеко,
150 гр. суво грозје,
100 гр. зашеќерена кора од лимон или портокал или пак рендана кора од лимон/портокал и
јајце за мачкање.

**Подготовка:**

Ставете го квасецот да нарасте, замесите го тестото. Во брашното ставете ги јајцата, шеќерот, топлото млеко, квасецот и на крајот ставете го маслото. Сето тоа добро измесено се остава да стаса или да ја удвои смесата. Премесите го тестото, ставете го на даска, па удирајте го дваесетина пати. Потоа поделете го тестото на 9 еднакви топчиња, па секое расукајте го во правоаголник, посипете го со суво грозје и кора од лимон и портокал и свиткајте го во ролна. Земете 3 ролнички и правете плетенка. Повторите исто и со друго тесто, ќе добиете три плетенки. Подмачкајте го плехот од шпоретот (пожелно е да биде подлабок), па ставете ги една до друга. Потоа, намачкајте ги со разматено јајце и оставете повторно да кисне. Печете го милибродот 10 мин. на 200 степени, а потоа намалете ја рерната на 175 степени.



*Подготвила: Мирјана Мајиќ*

# СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА „ФИЛИП ВТОРИ“

Телефон за контакт :
+389 2 3091 484; + 389 2 3191 500
www.cardiosurgery.com.mk

Специјалната Болница ,,Филип Втори”
поседува ИСО 9001:2000 сертификат.

# НА НАСЛОВНАТА СТРАНИЦА НА „JOURNAL OF VASCULAR SURGERY“ Е ОБЈАВЕНА ОПЕРАЦИЈА ИЗВРШЕНА ВО ПЗУ„ФИЛИП ВТОРИ“

Во августовското издание на американското светски реномирано списание „Journal of Vascular Surgery“, уредничкиот борд на списанието одлучи на насловната страница да ја објави операцијата извршена во македонската болница „Филип Втори“. Тимот на хирурзи од Специјалната болница „Филип Втори“, на чело со академик д-р Жан Митрев, успешно изврши многу ретка операција на пациент со гигантска аневрзима на вратот, поточно на левата каротидна артерија. Минатата година случајот беше пријавен под наслов „Surgical treatment of giant extracranial internal carotid artery aneurysm“, а оваа година е објавен во светски реномираното стручно списание „Journal of Vascular Surgery“.




VASCULAR IMAGES

## Surgical treatment of giant extracranial internal carotid artery aneurysm


Zan Mitrev, MD, Atanas Jankulovski, MD, Biljana Bozinovska, MD, and Nikola Hristov, MD, *Skopje, Macedonia*


Extracranial internal carotid artery aneurysms are rare manifestations[1,2] but have the potential for a fatal complication as result of embolization, rupture, and local compression.

We describe a 62-year-old obese woman with a history of hypertension, hyperlipidemia, and moderate mitral and aortic valve regurgitation. She had sustained a stroke 4 years earlier that had completely resolved. She presented in our hospital with a pulsating cervical mass.

A 64-slice computed angiography of the carotid artery and circle of Willis was performed (Cover, *A*). The diagnosis of giant aneurysm of the extracranial left internal carotid artery was confirmed, with dimensions of 6 × 6 cm, bulging toward the outside. Kinking with significant stenosis of the right internal carotid artery was also discovered.

The patient was placed under general anesthesia, and immediate surgery was performed on the left side, with aneurysm dissection from the surrounding structures and complete aneurysm resection. This was followed by autologous saphenous vein graft interposition between the distal extracranial part of left internal carotid artery and the left common carotid artery (Video, online only).

After the uneventful operation, the patient was extubated 3 hours later, with no neurologic complications. Postoperative 64-slice computed angiography (*B* and *C*) showed excellent repair. The patient was discharged home the next day, and her 6-month follow-up examination was normal.




REFERENCES


1. Zwolak RM, Whitehouse WM Jr, Knake JE, Bernfeld BD, Zelenock GB, Cronenwett JL, et al. Atherosclerotic extracranial carotid artery aneurysms. J Vasc Surg 1984;1:415-22.
2. El Sabrout R, Cooley DA. Extracranial carotid artery aneurysms: Texas Heart Institute experience. J Vasc Surg 2000;31:702-12.



Submitted Feb 4, 2010; accepted Jun 21, 2010.

From the Special Hospital for Surgery "Filip Vtori."
Competition of interest: none. (e-mail: hristov@cardiosurgery.com.mk).
Additional material for this article may be found online at www.jvascsurg.org.
The editors and reviewers of this article have no relevant financial relationships to disclose per the JVS policy that requires reviewers to decline review of any manuscript for which they may have a competition of interest.
J Vasc Surg 2011;54:533
0741-5214/$36.00


Copyright © 2011 by the Society for Vascular Surgery.


doi:10.1016/j.jvs.2010.06.164


Оваа статија може да се најде на официјалната веб-страница на списанието: **www.jvascsurg.org** издание August 2011, Vol. 54 Issue 2.

# ВОДОПАДОТ ДУФ








Многумина од нас и минатото лето решија одморот да го поминат дома – во Македонија. Секако, најпосетени дестинации беа Охрид, Дојран, Скопје… Но, дали некогаш сте посакале да ја запознаете својата земја малку подобро, за да можете на другите да им раскажувате за нејзините убавини? Македонија изобилува со природна убавина изразена преку бројни планини, котлини, полиња, долини, клисури, пештери, како и извори, реки, водопади, езера и вештачки акумулации. Една од овие убавини е и водопадот Дуф.

Сместен во Националниот парк Маврово, во Долнореканскиот регион и карпестиот кањон на Ростушка Река, во прекрасната бујна вегетација на планината Дешат и на 40-минутно пешачење од селото Ростуше, се наоѓа водопадот Дуф. Всушност, постојат неколку водопади од кои Дуф е највисокиот. Него го создаваат водите на Голема Река и Мала Река што се соединуваат на два километра пред водопадот. Бистрата планинска ладна вода се слева од височина од околу 28 метри, па се вбројува во еден од највисоките постојани водопади во Македонија. Длабочината на Дуфскиот кањон досегнува и до 100 метри, а температурата и во најжешките летни периоди ретко се искачува над 20 степени. Мештаните велат дека жените од Ростуше тука во минатото ги переле и белеле свечените алишта, а водите се користеле и за обработка и наводнување, но и за производство на електрична енергија во првата хидроцентрала што била изградена во крајот.

Величествениот поглед на виножитниот водопад, звукот на несопирливата вода што паѓа од градите на природата, завесата од ситните капки што ве освежуваат галејќи ве по кожата, студенилото на карпите и зеленилото над нив низ кое сончевите зраци едвај се пробиваат... до ова вистинско уживање за очите и душата ќе ве одведе еден километар долга патека обележана со патокази, заштитни дрвени огради и мовчиња, клупи, летниковци, со „училница“ за настава во природа... Патеката ја уредија Младинското еколошко друштво „Радички бисери“ и општината Ростуше за ова природно богатство да се сочува и да им стане достапно на туристите што ќе се упатат кон неоткриените убавини на нашата татковина.

Барем еднаш во животот треба да го видите и доживеете неповторливиот момент на течењето на нескротливите води на Дуф.

Е. Петровска